Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

април 2025 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Елементарниот услов за заживување на концептот на правна држава е посоење на добро материјалното казнено законодавство во внатрешниот правен поредок.

Најважниот и воедно најчувствителен аспект на правната држава во однос на владеењето на правото е правната релација на поединецот и државата, индивидуалните слободи и права и системот, односно правото на државата да казнува.

Регулацијата на кривичното право, како посебна правна област во правните системи, постои заради нормирање на јасни одредби преку јасни норми се определуваат поведенијата кои се сметаат за казнени дела, е поделено на три посебни правни гранки:

1. Материјално казнено (кривично) право;
2. Формално казнено право, т.е. Казнено процесно право; и
3. Извршно казнено право, односно Право на извршување на санкции.

Системот на правни норми со кои одредени човекови поведенија се прогласуваат за казнени дела, за нив се пропишуваат казни и други санкции и се одредува условите за нивната примена се дел од материјалното право.

Начинот на кој регулира процесните дејствија од кои се состои казнената постапка, се дел од Казненото процесно право.

Правото на извршување на санкции е делот на регулација на начинот на извршување на санкциите што се изречени во казнената постапка.

Усогласувањето на казненото законодавство со Уставот на Република Македонија во 1996 година наметна предодредена уставно-правна причина за донесување на тогаш нов Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/1996), кој низ годините заради наметнатите општествени ситуации до денес претрпе бројни измени и дополнувања – околу четириесетина рогации.

Отстранувањето на остатоците од казнено-правната репресија која постоела до 1996 година, сообразувањето на македонското казнено право со извршените промени во општествените односи, потребата од сообразноста на казненото право со европското казнено право се основите заради кои се пристапило кон донесување на постојниот Кривичен законик во 1996 година.

Поради проблемите кои ги предизвикува транзициската корупција и заканата која произлегува од неа, а директно влијае на стабилноста, 4 безбедноста и поткопувањето на институциите во државата, како и на

демократските вредности, моралните вредности и правната држава – секоја држава директно е изложена на опасност по трајниот развој и владеењето на правото во неа.

Република Македонија во периодот од осамостујувањето ја има изразено својата заложба за регулација на ова прашање во повеќе законски материи, но сепак иако постојат истите и денеска проблемот е жив и ја бранува македонската јавност. Поврзаноста на корупцијата и другите форми на криминал, особено организираниот и економскиот криминал, како и перењето на пари во пракса упатува на директна закана за политичката стабилност, доведува до недоверба на системот на владеење на правото, селективна правда и директно влијаат на трајниот развој на Републиката.

Заради спречување на искористување на моќта на влијание во судските постапки и законско оневозможување на користење на овој механизам за интервенција како модел за спречување на доследната примена на законите потребно е да се изврши законска измена на постојните одредби од Кривичниот законик, особено во Глава десетта која ја уредува застареноста на кривичното гонење, текот и прекинот на застарувањето на кривичното гонење, застареноста на извршувањето на казната, текот и прекинот на застарувањето на извршувањето на казната и незастарливоста на кривичните дела.

Од овие причини се предлагаат измените и дополнувањата на Кривичниот законик.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е да се се овозможи принципот на владеење на правото и правната држава, да се одбегне селективна правда и директно да се оневозможи повторување на штетните општествени појави на намерно одолговлекување и застарување на скандалозни и големи судски случаи, кои во изминатиот период ја нарушија довербата на граѓаните во правосудниот систем.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗБУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република С. Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011,135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018, 36/2023 и 188/2023) во членот 107, став (1) во точката 1) бројот „30“ се заменува со бројот „50“;

Во точката 2) бројот „20“ се заменува со бројот „40“;

Во точката 3) зборот „десет“ се заменува со бројот „20“;

Во точката 4) зборот „пет“ се заменува со бројот „десет“;

Во точката 5) зборот „три“ се заменува со бројот „шест“; и

Во точката 6) зборот „две“ се заменува со бројот „четири“.

Член 2

Во членот 108, во ставот (6) зборот „двапати“ се заменува со зборот „трипати“.

Член 3

Во членот 109, став 1 во точката 1) бројот „30“ се заменува со бројот „50“.

Во точката 2) бројот „20“ се заменува со бројот „40“;

Во точката 3) зборот „десет“ се заменува со бројот „20“;

Во точката 4) зборот „пет“ се заменува со бројот „десет“;

Во точката 5) зборот „три“ се заменува со бројот „шест“; и

Во точката 6) зборот „две“ се заменува со бројот „четири“.

Член 4

Во членот 110, во ставот (1) зборот „две“ се заменува со зборот „пет“.

Во ставот (2) зборот „пет“ се заменува со зборот „десет“.

Во ставот (3) по зборовите: „кога ќе помине“ се додаваат зборовите: „двапати од“.

Во ставот (4) зборот „две“ се заменува со зборот „пет“.

Член 5

Во член 111, во ставот (5) зборот „двапати“ се заменува со зборот „трипати“.

Член 6

Во Насловот на членот 112 зборовите: „геноцид и воени злосторства“ се бришат.

Член 7

Во членот 112 по зборовите: „кривичните дела предвидени во“ се додаваат зборовите: „Глава дваесет и трета, Глава дваесет и петта, Глава дваесет и осма и Глава триесетта и“.

Член 8

Во кривичните постапки кои сѐ уште не се правосилно завршени, застарните рокови ќе се пресметуваат по овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи девет члена.

Со членот 1 во членот 107 се предлага зголемување на рокот за застареност на кривичното гонење кое неможе да се преземе за таксативно наброените кривични дела за кои се изрекува затворска или парична казна.

Со членот 2 во членот 108 се зголемува рокот за текот и прекинот на застарувањето на кривичното гонење.

Оваа измена на Кривичниот законик со членот 3 со зголемува и рокот за застареност на извршувањето на казната.

Рокот на застареност со членовите 4 и 5 се зголемува и за извршувањето на споредните казни и на мерките на безбедност, алтернативните мерки, конфискацијата на имотот и одземањето на предметите и за текот и прекинот на застарувањето на извршувањето на казната.

Со членовите 6 и 7 во предлог законот се усогласува насловот на членот 112 со предметната измена со која се проширува опсегот на кривичните дела кои не застаруваат со Кривичните дела против имотот Кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, Кривичните дела против државата и Кривичните дела против службената должност.

Со членот 8 се уредува начинот на пресметување на застареноста на веќе започнатите постапки.

Со членот 9 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Решенијата предвидени во овој Предлог на закон ќе создадат правна основа за намалување на можноста за застарување кривичното гонење на 9 делата кои најчесто се предизвикани со корупција и влијание на моќ и кои негативно влијаат на стабилноста, безбедноста и поткопувањето на институциите во државата како и преставуваат опасност по трајниот развој и владеењето на правото.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ
(ИЗВОД)

### Застареност на кривичното гонење

### Член 107

(1) Ако во овој законик не е поинаку определено , кривичното гонење не може да се преземе кога ќе поминат:
1) 30 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна доживотен затвор,
2) 20 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над десет години,
3) десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години,
4) пет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над три години,
5) три години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над една година и
6) две години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор до една година или парична казна.
(2) Ако за кривичното дело се пропишани повеќе казни, рокот на застареноста се определува според најтешката пропишана казна.

### Тек и прекин на застарувањето на кривичното гонење

### Член 108

(1) Застарувањето на кривичното гонење почнува од денот кога е сторено кривичното дело или настапила последицата. Ако делото е сторено спрема дете застарувањето на кривичното гонење почнува од денот на неговото полнолетство.
(2) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонењето не може да започне или да продолжи.
(3) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот поради стореното кривично дело.
(4) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареност ќе стори, исто така, тешко или потешко кривично дело.
(5) За секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.
(6) Застареност на кривичното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на кривичното гонење.

### Застареност на извршувањето на казната

### Член 109

Ако со овој законик не е поинаку определено изречената казна не може да се изврши кога ќе поминат:

1) 30 години од осуда на доживотен затвор,
2) 20 години од осуда на затвор над десет години,
3) десет години од осуда на затвор над пет години,
4) пет години од осуда на затвор над три години,
5) три години од осуда на затвор над една година и
6) две години од осуда на затвор до една година или на парична казна.

### Застареност на извршувањето на споредните казни и на мерките на безбедност, алтернативните мерки, конфискацијата на имотот и одземањето на предметите

### Член 110

(1) Застареност на извршувањето на парична казна како споредна казна настапува кога ќе поминат две години од денот на правосилноста на пресудата со која е изречена таа казна.
(2) Застареност на извршувањето на мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани настапува кога ќе поминат пет години од денот на правосилноста на одлуката, со која се изречени тие мерки.
(3) Застареност на извршувањето на казните забрана на вршење на професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило и времено протерување странец од земјата, настапува кога ќе помине времето за кое се изречени тие казни.
(4)Застареност на алтернативните мерки општокорисна работа и куќен затвор настапува кога ќе поминат две години од денот на правосилноста на пресудата со која се изречени тие мерки.
(5) Извршувањето на посебните мерки на конфискација на имот и одземање на предмети не застарува.

### Тек и прекин на застарувањето на извршувањето на казната

### Член 111

(1) Застарувањето на извршувањето на казната почнува од денот кога пресудата станала правосилна, а ако условната осуда е отповикана од денот кога одлуката за отповикување станала правосилна.
(2) Застарувањето не тече за времето за кое според законот извршувањото на казната не може да се преземе.
(3) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на казната.
(4) Со секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.
(5) Застареност на извршувањето на казната настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на извршувањето на казната.
(6) Одредбите од ставовите 2 до 5 согласно се применуваат и врз застарувањето на извршувањето на мерките на безбедност и алтернативните мерки.

**Незастарливост на кривичните дела геноцид, воени злосторства и тортура**

**Член 112**

Кривичното гонење и извршувањето на казната не застарува за кривичните дела предвидени во членовите 142, од 403 до 407-б и 416-а , како ни за кривични дела за кои со ратификувани меѓународни договори е предвидена незастарливост.